# БИТУМЕНСКИ ПРОИЗВОДИ
## ЗА ПАТИШТА



од 1957

БИМ
СВЕТИ НИКОЛЕ

БИМ

СВЕТИ НИКОЛЕ

каталог

# БИТУМЕНСКИ ПРОИЗВОДИ
# ЗА
# ПАТИШТА

www.bim.com.mk

# ИСТОРИЈАТ

**1957**

Почетоците на БИМ Свети Николе се од далечната 1957 година кога во составот на рудникот Богословец пуштено е производство на битуменски мешавини.

**1962**

Во 1962 година пуштено е производство на хидроизолациони ленти, битуменски маси, емулзии и разредени битумени. Од тогаш фирмата настапува како самостојна организација и бележи континуиран развој.

**1977**

Нов период во својот растеж фирмата бележи од 1977 година кога е пуштена потполно нова линија за производство на битуменски хидроизолациони ленти набавена од производителот Dr. Reiser од Германија. Во исто време купена е лиценца за производство на еластомерни ленти од фирмата “MEYNADIER” од Швајцарија при што бевме први производители на еластомерни ленти со заштитен знак - Бикутоп - во тогашна Југославија. Истата година пуштен е во употреба нов погон за оксидација на битумени, погон за конфекционирање на индустриски битумен во пластични вреќи, погон за битуменски маси, погон за разредени битумени, пасти и китови, како и погон за производство на битуменска емулзија.

**1988**

Значаен сегмент во развојот на полимерните битумени започнува од 1988 година кога во производство се пуштени поголем број на нови производи како ладна паста Бимизол, Полимерни китови, Маса за фуги, Бикумаса-М и многу други производи.

**1998**

Посебен придонес при изградба на патиштата БИМ даде со производство на полимер модифициран битумен (ПмБ) за патишта кој се произведува од 1998 година. Во тој период БИМ беше меѓу првите производители на ПмБ на Балканот.

**2013**

Водејќи се од идејата дека мораме постојано да се модернизираме и да го унапредуваме нашето производство за што зборува и постојаниот пораст во асортиманот на производството, во 2013 година направена е реконструкција и модернизација на постојната линија за хидроизолациони ленти и производство на ПмБ. Реконструкцијата и модернизацијата ја изврши фирмата Boato од Италија, а истовремено е монтирана и опрема за производство на други типови на ПмБ за патишта како што е Elvaloy.



# БИМ ДЕНЕС

БИМ а.д. Свети Николе е единствената фабрика во Македонија која произведува хидроизолациони материјали на база битумен. Располага со асортиман од над 280 производи кои наоѓаат широка примена во градежништвото, како во нискоградбата, така и во високоградбата. Широката палета на производи опфаќа висококвалитетни хидроизолациони ленти на база битумен, полимер модифициран битумен, битуменски маси, разредени битумени, оксидирани битумени, битуменски пасти и китови, битуменска емулзија, битуменска шиндра... По барање на купувачите, се произведуваат и производи коишто имаат посебен квалитет и специјална намена. Располагаме со склад за битумен со капацитет од 3.500 тони и затворен тип на склад за разни видови на битуменски производи и суровини. Посебно внимание се посветува на развојната програма, односно на изнаоѓањето на нови технологии и нови производи коишто ќе го следат трендот на пазарот и потребите на градежништвото.

Водејќи се од желбата да ги задоволиме потребите на нашите деловни партнери, постојано воведуваме нови производи, од кои најголем дел се направени во нашата лабораторија. За своите производи БИМ а.д. поседува Сертификат за квалитет од домашни и странски институции. Во 1998 година во работењето на БИМ а.д. е воведен стандардот ISO-9001.

Во 2017 година БИМ а.д. Свети Николе ги сертифицираше своите производи по европски стандарди и доби CE знак и право за нивна употреба во Европската унија.

Во Август 2022 година БИМ а.д. инвестираше во постројка за полимер-модифициран битумен за патишта и постројка за битуменска емулзија, со што значително се зголеми капацитетот за производство на ПмБ и битуменска емулзија.

Ние сме извозно ориентирана фирма, при што поголем дел од производството го извезуваме. За тоа говори и фактот што освен во Република Македонија, производите на БИМ се вградени и во објектите во Австрија, Албанија, Бугарија, Грција, Ирак, Либија, поранешна Југославија (Босна и Херцеговина, Србија Хрватска), Полска, Романија, Русија, Украина, Чешка и други земји.

# СОДРЖИНА


**ИСТОРИЈАТ И БИМ ДЕНЕС** . . . . . 4
**ЗОШТО ПРОИЗВОДИТЕ НА БИМ а.д.** . . . . . 7

**ПОЛИМЕР - МОДИФИЦИРАН БИТУМЕН /ПмБ ПОЛИБИМ** . . . . . 8
ПОЛИМЕР - МОДИФИЦИРАН БИТУМЕН /ПмБ . . . . . 9

**БИТУМЕНСКИ ЕМУЛЗИИ** . . . . . 10
ПОЛИМЕР-МОДИФИЦИРАНА КАТЈОНСКА НЕСТАБИЛНА БИТУМЕНСКА ЕМУЛЗИЈА - **ПмБ КН** . . . . . 11
КАТЈОНСКА НЕСТАБИЛНА БИТУМЕНСКА ЕМУЛЗИЈА - **КН** . . . . . 11
КАТЈОНСКА ПОЛУСТАБИЛНА БИТУМЕНСКА ЕМУЛЗИЈА - **КП** . . . . . 12
КАТЈОНСКА СТАБИЛНА БИТУМЕНСКА ЕМУЛЗИЈА - **КС** . . . . . 12
АНЈОНСКА НЕСТАБИЛНА БИТУМЕНСКА ЕМУЛЗИЈА - **ЕН** . . . . . 13
АНЈОНСКА СТАБИЛНА БИТУМЕНСКА ЕМУЛЗИЈА - **ЕС** . . . . . 13
ФЛУКСИРАНА АНЈОНСКА ПОЛУСТАБИЛНА БИТУМЕНСКА ЕМУЛЗИЈА - **АПР-56** . . . . . 13

**ГРАДЕЖЕН БИТУМЕН ЗА ПАТИШТА** . . . . . 14
ГРАДЕЖЕН БИТУМЕН ЗА ПАТИШТА . . . . . 15

**ПОЛИМЕР - МОДИФИЦИРАНИ БИТУМЕНСКИ МАСИ** . . . . . 16
ПОЛИМЕР-МОДИФИЦИРАНА БИТУМЕНСКА МАСА
ЗА ХИДРОИЗОЛАЦИЈА НА МОСТОВИ - **БИКУ МАСА М** . . . . . 17
ПОЛИМЕР-МОДИФИЦИРАНИ БИТУМЕНСКИ МАСИ ЗА ЗАЛЕВАЊЕ НА АСФАЛТНИ И БЕТОНСКИ СПОЕВИ,
ФУГИ И ПУКНАТИНИ - **ФУГОБИ**Т . . . . . 17
ПОЛИМЕР-МОДИФИЦИРАНИ БИТУМЕНСКИ МАСИ ЗА ЗАЛЕВАЊЕ НА АСФАЛТНИ И БЕТОНСКИ СПОЕВИ,
ФУГИ И ПУКНАТИНИ - **ФУГОБИТ** . . . . . 18
БИТУМЕНСКА МАСА ЗА ЗАЛЕВАЊЕ НА СПОЕВИ И ФУГИ НА КАЛДРМА . . . . . 18
ПОЛИМЕР-МОДИФИЦИРАНА БИТУМЕНСКА - **ФУГОБИТ**
ЛЕНТА ЗА АСФАЛТНИ И БЕТОНСКИ СПОЕВИ - **БИКУТЕКС** . . . . . 19

**ПОЛИМЕР - МОДИФИЦИРАНИ БИТУМЕНСКИ ЛЕНТИ ЗА ХИДРОИЗОЛАЦИЈА НА МОСТОВИ** . . . . . 20
ЕЛАСТОМЕРНИ БИТУМЕНСКИ ЛЕНТИ ЗА ХИДРОИЗОЛАЦИЈА НА МОСТОВИ - **БИКУТОП МОСТ** . . . . . 21
ПЛАСТОМЕРНИ БИТУМЕНСКИ ЛЕНТИ ЗА ХИДРОИЗОЛАЦИЈА НА МОСТОВИ - **БИМПЛАСТ МОСТ** . . . . . 22

**БИТУМЕНСКИ ПРАЈМЕРИ И РАЗРЕДЕНИ БИТУМЕНИ ЗА ПАТИШТА** . . . . . 24
БИТУМЕНСКИ ПРАЈМЕРИ ЗА ХИДРОИЗОЛАЦИЈА - **БИТУЛИТ** . . . . . 25
РАЗРЕДЕНИ БИТУМЕНИ ЗА ПАТИШТА - **РБ** . . . . . 26
РАЗРЕДЕН ПОЛИМЕР БИТУМЕН ЗА ЛАДНА АСФАЛТНА МАСА
ЗА КРПЕЊЕ УДАРНИ ДУПКИ ВО ЗИМСКИ УСЛОВИ - **АФАЛТОБИТ ЛМ** . . . . . 26







# ЗОШТО ПРОИЗВОДИТЕ НА **БИМ а.д.**

- Традиција и квалитет од 1957 г.
- Модерно производство по Германско – Италијанска технологија
- Над 280 висококвалитетни производи за хидроизолација кои се применуваат во високоградбата и нискоградбата.
- Задоволување на барањата на купувачите со производство на материјали со посебен квалитет и специјална намена.
- Современа сопствена лабораторија за континуирано следење на квалитетот на производите и развој на нови производи
- Производство по **EN** стандарди
- **CE** знак за производите
- Препознатлив бренд во минатото и денес на просториите на Балканот, како и во Австрија, Данска, Израел, Ирак, Либија, Полска, Романија, Русија, Чешка и други земји.



# ПОЛИМЕР - МОДИФИЦИРАН БИТУМЕН /ПмБ
# ПОЛИБИМ



Полимер-модифициран битумен ПмБ претставува мешавина на природни или синтетички полимери и битумен. Во Европа најзастапен полимер кој се користи за изработка на ПмБ е термопластичниот полимер SBS. ПмБ се користи во асфалтни мешавини од кои се изработуваат коловозни конструкции како:

- Автопатишта и патишта со многу тешко сообраќајно отповарување
- Градски сообраќајници со интензивен сообраќај, автобуски постројки, раскрсници, површини пред семафори и сл.
- Аеродроми
- Завршни асфалт бетоски слоеви на мостови,

и се карактеризираат со:

- Извонредна еластичност
- Отпорност на негативните ефекти на екстремните ниски и високи температури
- Голема отпорност на појава на пластични деформации и пукнатини
- Висока адхезија со камениот агрегат
- Поголема отпорност на замор и стареење
- Зголемен век на траење
- Поекономични се (поради поголема трајности намалените трошоци за одржување)

БИМ а.д. Свети Николе произведува ПмБ според Европски стандард EN 14023, под комерцијално име **ПОЛИБИМ**







| ПОЛИБИМ | 45/80-55 | 45/80-60 | 45/80-65 |
|---|---|---|---|
| СЕ ПРОИЗВЕДУВА ПО | EN 14023 | EN 14023 | EN 14023 |
| Пенетрација на 25°C | 45-80 1/10mm<br>класа 4 | 45-80 1/10mm<br>класа 4 | 45-80 1/10mm<br>класа 4 |
| Точка на омекнување по ПК | ≥ 55 °C<br>класа 7 | ≥ 60 °C<br>класа 6 | ≥ 65 °C<br>класа 5 |
| Точка на кртост по FRASS | ≤ - 12 °C<br>класа 6 | ≤ - 15 °C<br>класа 7 | ≤ - 18 °C<br>класа 8 |
| Точка на палење | ≥ 250 °C<br>класа 2 | ≥ 250 °C<br>класа 2 | ≥ 250 °C<br>класа 2 |
| Повратна еластична деформација на 25°C | ≥ 60 %<br>класа 4 | ≥ 70 %<br>класа 3 | ≥ 80 %<br>класа 2 |

CE

### ОПИС
Полимер-модифициран битумен ПОЛИБИМ е битумен оплеменет со полимери за изработка на асфалтни мешавини кои се користат во завршниот или носечките слоеви при изградба на патишта.

### НАМЕНА
Се користи како висококвалитетно врзувачко средство за изработка на асфалтни мешавини кои се користат за патни конструкции со тешко сообраќајно оптоварување (автопати, патишта и градски сообраќајници со поинтензивен сообраќај, аеродроми и сл.). Производот се одликува со висока еластичност и адхезивност, отпорност на ниски и високи температури. Асфалтните мешавини со ПОЛИБИМ се со поголема отпорност на пластична деформација, пукнатини, зголемен век на траење и се поекономични за одржување.

### НАЧИН НА ВГРАДУВАЊЕ
Се вградува по технологија на вградувачот.

### СКЛАДИРАЊЕ И ТРАНСПОРТ
Се транспортира во топла состојба во автоцистерни.

| ПОЛИБИМ | 25/55-55 | 25/55-60 |
|---|---|---|
| СЕ ПРОИЗВЕДУВА ПО | EN 14023 | EN 14023 |
| Пенетрација на 25°C | 25-55 1/10mm<br>класа 3 | 25-55 1/10mm<br>класа 3 |
| Точка на омекнување по ПК | ≥ 55 °C<br>класа 7 | ≥ 60 °C<br>класа 6 |
| Точка на кртост по FRASS | ≤ - 10 °C<br>класа 5 | ≤ - 10 °C<br>класа 5 |
| Точка на палење | ≥ 250 °C<br>класа 2 | ≥ 250 °C<br>класа 2 |
| Повратна еластична деформација на 25°C | ≥ 60 %<br>класа 4 | ≥ 60 %<br>класа 4 |



CE

### ОПИС
Полимер-модифициран битумен ПОЛИБИМ е битумен оплеменет со полимери за изработка на асфалтни мешавини кои се користат во завршниот или носечките слоеви при изградба на патишта.

### НАМЕНА
Полибим 25-55/55 се користи како висококвалитетно врзувачко средство во асфалтни мешавини кои се користат за долниот носечки слој на патната конструкција на автопатишта и патишта со многу тешки, тешки и средни сообраќајни оптоварувања. Производот има отпорност на ниски и високи температури, а асфалтните мешавини имаат поголема отпорност на пластични деформации и пукнатини. Полибим 25-55/60 се користи како висококвалитетно врзувачко средство за минералниот агрегат во полимер-битуменски асфалтни мешавини кои се користат во носечките слоеви за патишта со тешко сообраќајно оптеретување.

### НАЧИН НА ВГРАДУВАЊЕ
Се вградува по технологија на вградувачот.

### СКЛАДИРАЊЕ И ТРАНСПОРТ
Се транспортира во топла состојба во автоцистерни



# БИТУМЕНСКИ ЕМУЛЗИИ

Битуменска емулзија е емулгиран течен битумен, со кафеава боја добиен со мешање на битумен и воден раствор на емулгатор. Според емулгаторот емулзиите можат да бидат катјонски или анјонски, а според индексот на полнење нестабилни, полустабилни или стабилни.
Основна функција на емулзијата е поврзување на слоеви при изградба на патишта, а се користи и како хидроизолација.

БИМ а.д. произведува:
- полимер-модифицирана катјонска емулзија ПмБ КН
- катјонска емулзија КН, според EN 13808 и
- анјонска емулзија ЕН, според МКС 1018






## ПОЛИМЕР-МОДИФИЦИРАНА КАТЈОНСКА НЕСТАБИЛНА БИТУМЕНСКА ЕМУЛЗИЈА ПмБ КН



| | ПмБ КН-50 | ПмБ КН-60 | ПмБ КН-65 |
|---|---|---|---|
| СЕ ПРОИЗВЕДУВА ПО | EN 13808 | EN 13808 | EN 13808 |
| Надворешен изглед | темно кафеава течност | | |
| Содржина на битмен (врзивно средство) | 48-52 % класа 4 | 58-62 % класа 6 | 63-67 % класа 7 |
| Вискозитет со STV апарат на 40°C, отвор 4мм | 5-70 s класа 5 | 5-70 s класа 5 | 5-70 s класа 5 |
| pH вредност | <7 | <7 | <7 |
| Брзина на распаѓање | 70-155 класа 3 | 70-155 класа 3 | 70-155 класа 3 |
| Хомогеност: остаток од просејување на сито 0,5mm | ≤0,5 % класа 4 | ≤0,5 % класа 4 | ≤0,5 % класа 4 |
| Адхезија за камен агрегат | ≥90 % класа 3 | ≥90 % класа 3 | ≥90 % класа 3 |

**ОПИС**
Хомоген дисперзен систем, без цврсти примеси, составен од полимер- модифициран битумен диспергиран во вид на ситни честички во вода, која што содржи соодветно катјон-активно емулгирачко средство.

CE

**НАМЕНА**
Се користи како сврзувачки слој помеѓу асфалтните слоеви во патните конструкции каде асфалтната мешавина е со полимер-модифициран битумен. Додавањето полимер ги подобрува адхезивните својства на битуменот, обезбедува поголема лепливост и цврста врска помеѓу асфалтните слоеви.

**НАЧИН НА ВГРАДУВАЊЕ**
Рамномерно се нанесува со прскање на сува и чиста површина на асфалтен слој.

**ПАКУВАЊЕ**
Се амбалажира во лимени буриња, пластични канистри или автоцистерни.

## КАТЈОНСКА НЕСТАБИЛНА БИТУМЕНСКА ЕМУЛЗИЈА КН



CE

| | КН-40 | КН-55 | КН-60 | КН-65 | БИТУЛИТ КН-50 |
|---|---|---|---|---|---|
| СЕ ПРОИЗВЕДУВА ПО | EN 13808 | EN 13808 | EN 13808 | EN 13808 | EN 13808 |
| Надворешен изглед | темно кафеава течност | | | | |
| Содржина на битмен (врзивно средство) | 38-42 % класа 3 | 53-57 % класа 5 | 58-62 % класа 6 | 63-67 % класа 7 | 48-52 % класа 4 |
| Вискозитет со STV апарат на 40°C, отвор 4мм | 5-70 s класа 5 | 5-70 s класа 5 | 5-70 s класа 5 | 5-70 s класа 5 | 5-70 s класа 5 |
| pH вредност | <7 | <7 | <7 | <7 | <7 |
| Брзина на распаѓање | 70-155 класа 3 | 70-155 класа 3 | 70-155 класа 3 | 70-155 класа 3 | 70-155 класа 3 |
| Хомогеност: остаток од просејување на сито 0,5mm | ≤0,5 % класа 4 | ≤0,5 % класа 4 | ≤0,5 % класа 4 | ≤0,5 % класа 4 | ≤0,5 % класа 4 |
| Адхезија за камен агрегат | ≥90 % класа 3 | ≥90 % класа 3 | ≥90 % класа 3 | ≥90 % класа 3 | ≥90 % класа 3 |

**ОПИС**
Хомоген дисперзен систем, без цврсти примеси, составен од битумен диспергиран во вид на ситни честички во вода, која што содржи соодветно катјон-активно емулгирачко средство.

**НАМЕНА**
**КН-40** - Се употребува како врска помеѓу тампонскиот слој и асфалтот.
**КН-55; КН-60; КН-65** - Се употребува како врска помеѓу стар и нов асфалтен слој.
**БИТУЛИТ КН-50** - Се применува како основен премаз, прајмер за врска на подлогата (бетон, челик, дрво) со битуменската хидроизолација.

**НАЧИН НА ВГРАДУВАЊЕ**
Рамномерно се нанесува со прскање на сува и чиста површина на стар асфалтен слој или тампон.

**ПАКУВАЊЕ**
Се амбалажира во лимени буриња, пластични канистри или автоцистерни.

## КП КАТЈОНСКА ПОЛУСТАБИЛНА БИТУМЕНСКА ЕМУЛЗИЈА



| СЕ ПРОИЗВЕДУВА ПО | КП-55<br>EN 13808 | КП-60<br>EN 13808 |
|---|---|---|
| Надворешен изглед | темно кафеава течност | |
| Содржина на битмен (врзивно средство) | 53-57 %<br>класа 5 | 58-62 %<br>класа 6 |
| Вискозитет со STV апарат на 40°C, отвор 4мм | 5-70 s<br>класа 5 | 5-70 s<br>класа 5 |
| pH вредност | <7 | <7 |
| Брзина на распаѓање | 70-155<br>класа 3 | 70-155<br>класа 3 |
| Хомогеност: остаток од просејување на сито 0,5mm | ≤0,5 %<br>класа 4 | ≤0,5 %<br>класа 4 |
| Адхезија за камен агрегат | ≥90 %<br>класа 3 | ≥90 %<br>класа 3 |

**ОПИС:** Хомоген дисперзен систем, без цврсти примеси, составен од битумен дисперзиран во вид на ситни честички во вода, која што содржи соодветно катјон-активно емулгирачко средство.

CE

### НАМЕНА
Се применува како сврзувачки слој помеѓу подлогата и асфалтниот слој и помеѓу асфалтните слоеви на патната конструкција

### НАЧИН НА ВГРАДУВАЊЕ
Рамномерно се нанесува со прскање на сува и чиста површина на асфалтен слој или подлога.

### ПАКУВАЊЕ
Се амбалажира во лимени буриња, пластични канистри или автоцистерни.

## КС КАТЈОНСКА СТАБИЛНА БИТУМЕНСКА ЕМУЛЗИЈА



| СЕ ПРОИЗВЕДУВА ПО | КС-60<br>EN 13808 | КС-65<br>EN 13808 |
|---|---|---|
| Надворешен изглед | темно кафеава течност | |
| Содржина на битмен (врзивно средство) | 58-62 %<br>класа 6 | 63-67 %<br>класа 7 |
| Вискозитет со STV апарат на 40°C, отвор 4мм | 5-70 s<br>класа 5 | 5-70 s<br>класа 5 |
| pH вредност | <7 | <7 |
| Брзина на распаѓање | 70-155<br>класа 3 | 70-155<br>класа 3 |
| Хомогеност: остаток од просејување на сито 0,5mm | ≤0,5 %<br>класа 4 | ≤0,5 %<br>класа 4 |
| Адхезија за камен агрегат | ≥90 %<br>класа 3 | ≥90 %<br>класа 3 |

**ОПИС**
Хомоген дисперзен систем, без цврсти примеси, составен од битумен дисперзиран во вид на ситни честички во вода, која што содржи соодветно катјон-активно емулгирачко средство.

CE

### НАМЕНА
Се користи за рециклирање на стар асфалт, за изработка на битуменски мил (slurry seal), за изработка на асфалт и за стабилизирање на подлогата.

### НАЧИН НА ВГРАДУВАЊЕ
Рамномерно се нанесува со прскање на сува и чиста површина на подлогата или асфалтен слој, или по технологија на вградувачот.

### ПАКУВАЊЕ
Се амбалажира во лимени буриња, пластични канистри или автоцистерни





## АНЈОНСКА НЕСТАБИЛНА БИТУМЕНСКА ЕМУЛЗИЈА ЕН



| СЕ ПРОИЗВЕДУВА ПО | ЕН-40<br>МКС 1018 | ЕН-56<br>МКС 1018 | ЕН-60<br>МКС 1018 |
|---|---|---|---|
| Надворешен изглед | темно кафеава течност | | |
| Содржина на битмен | 39-41 % | 55-57 % | 59-61 % |
| Степен на стабилност | нестабилна | нестабилна | нестабилна |
| Вискозитет со STV апарат на 20°C | 2-13 s | 2-13 s | 2-13 s |
| Вискозитет по Енглер на 20°C | 3-15 °E | 3-15 °E | 3-15 °E |
| pH вредност | >7 | >7 | >7 |
| Хомогеност: остаток од просејување на сито 0,5mm | ≤0,5 % | ≤0,5 % | ≤0,5 % |
| Адхезија за камен агрегат | ≥90 % | ≥90 % | ≥90 % |

**ОПИС**
Хомоген дисперзен систем, без цврсти примеси, составен од битумен дисперзиран во вид на ситни честички во вода, која што содржи соодветно анјон-активно емулгирачко средство.

### НАМЕНА
**ЕН-40** Се употребува како врска помеѓу тампонскиот слој од варовник, доломит или друг базичен агрегат и асфалтот.
**ЕН-56; ЕН-60 -** Се употребува како врска помеѓу стар и нов асфалтен слој.

### НАЧИН НА ВГРАДУВАЊЕ
Рамномерно се нанесува со прскање на сува и чиста површина на стар асфалтен слој или тампон.

### ПАКУВАЊЕ
Се амбалажира во лимени буриња, пластични канистри или автоцистерни.

## АНЈОНСКА СТАБИЛНА БИТУМЕНСКА ЕМУЛЗИЈА ЕС



| СЕ ПРОИЗВЕДУВА ПО | ЕС-60<br>МКС 1018 |
|---|---|
| Надворешен изглед | темно кафеава течност |
| Содржина на битмен | 59-61 % |
| Степен на стабилност | стабилна |
| Вискозитет со STV апарат на 20°C | 2-13 s |
| Вискозитет по Енглер на 20°C | 3-15 °E |
| pH вредност | >7 |
| Хомогеност: остаток од просејување на сито 0,5mm | ≤0,5 % |
| Адхезија за камен агрегат | ≥90 % |

**ОПИС**
Хомоген дисперзен систем, без цврсти примеси, составен од битумен дисперзиран во вид на ситни честички во вода, која што содржи соодветно анјон-активно емулгирачко средство.

### НАМЕНА
Се употребува за подготовка на асфалтни мешавини од затворен тип по ладна постапка.

### НАЧИН НА ВГРАДУВАЊЕ
Рамномерно се нанесува со прскање на сува и чиста површина на асфалтен слој.

### ПАКУВАЊЕ
Се амбалажира во лимени буриња, пластични канистри или автоцистерни.

## ФЛУКСИРАНА АНЈОНСКА ПОЛУСТАБИЛНА БИТУМЕНСКА ЕМУЛЗИЈА АПР



| СЕ ПРОИЗВЕДУВА ПО | АПР-56<br>МКС 1018 |
|---|---|
| Надворешен изглед | темно кафеава течност |
| Содржина на битмен | 55-57 % |
| Степен на стабилност | полустабилна |
| Вискозитет со STV апарат на 20°C | 2-13 s |
| Вискозитет по Енглер на 20°C | 3-15 °E |
| pH вредност | >7 |
| Хомогеност: остаток од просејување на сито 0,5mm | ≤0,5 % |
| Адхезија за камен агрегат | ≥90 % |

**ОПИС**
Хомоген дисперзен систем, без цврсти примеси, составен од битумен и флуксно масло дисперзирани во вид на ситни честички во вода, која што содржи соодветно анјон-активно емулгирачко средство.

### НАМЕНА
Се употребува како врзувачко средство за ладни асфалтни смеси, кои што се користат за крпење на дупки на патни сообраќајници.

### НАЧИН НА ВГРАДУВАЊЕ:
Се вградува по ладна постапка во мобилна мешалка или на асфалтна база.

### ПАКУВАЊЕ
Се амбалажира во лимени буриња, пластични канистри или автоцистерни.



# ГРАДЕЖЕН БИТУМЕН ЗА ПАТИШТА

Градежен (патен) битумен е најпопуларниот вид врзно средство за асфалт-бетонски мешавини, наменети за поставување на коловозни површини со употреба на топла метода.
Освен што се применува за изработка на коловозни конструкции, исто така служи како суровинска база за индустриско производство на материјали за патиштата како што се битуменски емулзии и разреден битумен. Покрај ова, битуменот за патишта се применува и во индустриското производство на хидроизолациски материјали.
БИМ а.д. произведува градежен битумен според EN 12591.










| | БИТ-20/30 | БИТ-35/50 |
|---|---|---|
| СЕ ПРОИЗВЕДУВА ПО | EN 12591 | EN 12591 |
| **Пенетрација на 25°C** | 20-30 1/10mm | 35-50 1/10mm |
| **Точка на омекнување по ПК** | 55-63 °C | 50-58 °C |
| **Точка на кртост по FRASS** | - | ≤-7 °C |
| **Растворливост** | ≥99,0 | ≥99,0 |
| **Точка на палење** | ≥240 °C | ≥240 °C |

CE

### ОПИС
Битумен за патишта.

### НАМЕНА
Се употребува како врзивно средство во асфалтните мешавини од типот лиен асфалт (асфалтен бетон и битуминизиран агрегат).

### НАЧИН НА ВГРАДУВАЊЕ
Се вградува по технологија за подготовка на соодветна асфалтна мешавина, на асфалтни постројки, односно асфалтна база.

### СКЛАДИРАЊЕ И ТРАНСПОРТ
Се складира во резервоари, а се транспортира во топла состојба со автоцистерни.

| | БИТ-50/70 | БИТ-70/100 |
|---|---|---|
| СЕ ПРОИЗВЕДУВА ПО | EN 12591 | EN 12591 |
| **Пенетрација на 25°C** | 50-70 1/10mm | 70-100 1/10mm |
| **Точка на омекнување по ПК** | 46-54 °C | 43-51 °C |
| **Точка на кртост по FRASS** | ≤-8 °C | ≤-10 °C |
| **Растворливост** | ≥99,0 | ≥99,0 |
| **Точка на палење** | ≥230 °C | ≥230 °C |



CE

### ОПИС
Битумен за патишта

### НАМЕНА
Се употребува како врзивно средство во асфалтните мешавини од типот лиен асфалт. (асфалтен бетон и битуминизиран агрегат)

### НАЧИН НА ВГРАДУВАЊЕ
Се вградува по технологија за подготовка на соодветна асфалтна мешавина, на асфалтни постројки, односно асфалтна база.

### СКЛАДИРАЊЕ И ТРАНСПОРТ
Се складира во резервоари, а се транспортира во топла состојба со автоцистерни



# ПОЛИМЕР - МОДИФИЦИРАНИ БИТУМЕНСКИ МАСИ



Полимер-модифицирани битуменски маси се хомогени смеси од битумен и филер кој што е модифициран со еластомер SBS. Се вградуваат со топење по топла постапка, а се користат за залевање на асфалтни бетонски слоеви, фуги, пукнатини, дилатации и сл. Се карактеризираат со голема издржливост, еластичност и отпорност на стареење. БИМ а.д. произведува полимер-модифицирани битуменски маси според EN 14188-1.





## БИКУ МАСА М



| СЕ ПРОИЗВЕДУВА ПО | EN 14188-1 |
|---|---|
| Точка на омекнување по ПК | ≥ 110 °C |
| Густина на 25°C | ≥ 1,1 g/cm$^3$ |
| Конусна пенетрација на 25°C | 40-100 0,1mm |
| Пенетрација и повратна еластичност | ≥ 60 % |
| Отпорност на течење, 5h/60°C, агол 70° | ≤ 2 mm |

**ОПИС**
Хомогена смеса од полимер-модифициран битумен (SBS) и минерален полнител. Се одликува со еластичност и растегливост која што може да ги следи деформациите на конструкциите.

CE

**НАМЕНА**
Се употребува за хидроизолација на мостови и хидроизолација на градежни сегменти каде што се бара зголемена еластичност.

**НАЧИН НА ВГРАДУВАЊЕ**
Се вградува по топла постапка со топење, а пред да се употреби масата по потреба се сече на ситни парчиња за полесно растопување. За време на загревањето масата треба да се меша за да се избегне локално прегревање или седиментирање на минералните честички. Температурата на масата не смее да надмине 190°C, или да падне под 170°C. Оптималната работна температура е 180°C. Загревањето се врши со топол воздух, а не со директен пламен.

**ПАКУВАЊЕ**
Се пакува во картонски калапи од 20-30 kg.



## ФУГОБИТ А



| СЕ ПРОИЗВЕДУВА ПО | EN 14188-1 |
|---|---|
| Точка на омекнување по ПК | ≥ 100 °C |
| Густина на 25°C | ≥ 1,1 g/cm$^3$ |
| Конусна пенетрација на 25°C | 40-130 0,1mm |
| Пенетрација и повратна еластичност | ≥60 % |
| Отпорност на течење, 5h/60°C, агол 70° | ≤5 mm |

**ОПИС**
Хомогена смеса од полимер-модифициран битумен (SBS) и минерален полнител во цврста состојба.

CE

**НАМЕНА**
Се употребува за залевање на асфалтни слоеви, фуги, дилатации, пукнатини или сл. по топла постапка со специјална опрема за залевање.

**НАЧИН НА ВГРАДУВАЊЕ**
Се вградува по топла постапка со топење, а пред да се употреби масата по потреба се сече на ситни парчиња за полесно растопување. За време на загревањето масата треба да се меша за да се избегне локално прегревање или седиментирање на минералните честички. Температурата на масата не смее да надмине 210°C, или да падне под 185°C. Оптималната работна температура е 190-200°C. Загревањето се врши со топол воздух, а не со директен пламен.

**ПАКУВАЊЕ**
Се пакува во картонски калапи од 20-30 kg.



## ФУГОБИТ Б




| СЕ ПРОИЗВЕДУВА ПО | EN 14188-1 |
|---|---|
| **Точка на омекнување по ПК** | ≥ 115 °C |
| **Густина на 25°C** | ≥ 1,1 g/cm$^3$ |
| **Конусна пенетрација на 25°C** | 40-130 0,1mm |
| **Пенетрација и повратна еластичност** | ≥60 % |
| **Отпорност на течење, 5h/60°C, агол 70°** | ≤5 mm |

**ОПИС**
Хомогена смеса од полимер-модифициран битумен (SBS) и минерален полнител во цврста состојба.

CE

**НАМЕНА**
Се употребува за залевање на бетонски споеви, фуги, дилатации, пукнатини или сл. по топла постапка со специјална опрема за залевање.

**НАЧИН НА ВГРАДУВАЊЕ**
Се вградува по топла постапка со топење, а пред да се употреби масата по потреба се сече на ситни парчиња за полесно растопување. За време на загревањето масата треба да се меша за да се избегне локално прегревање или седиментирање на минералните честички. Температурата на масата не смее да надмине 210°C, или да падне под 185°C. Оптималната работна температура е 190-200°C. Загревањето се врши со топол воздух, а не со директен пламен.

**ПАКУВАЊЕ**
Се пакува во картонски калапи од 20-30 kg.

# ФУГОБИТ БИТУМЕНСКА МАСА ЗА ЗАЛЕВАЊЕ НА СПОЕВИ И ФУГИ НА КАЛДРМА

## ФУГОБИТ К




| СЕ ПРОИЗВЕДУВА ПО | МКС У.М3.095 |
|---|---|
| **Точка на омекнување по ПК** | ≥ 85 °C |
| **Пенетрација на 25°C** | 28-35 0,1mm |
| **Содржина на полнител** | ≤50 % |
| **Моќ на залевање** | 180-190 °C |

**ОПИС**
Хомогена смеса од оксидиран битумен и минерален полнител во цврста состојба.

**НАМЕНА**
Се употребува за залевање фуги на калдрма по топла постапка.

**НАЧИН НА ВГРАДУВАЊЕ**
Се вградува по топла постапка со топење, а пред да се употреби масата по потреба се сече на ситни парчиња за полесно растопување. За време на загревањето масата треба да се меша за да се избегне локално прегревање или седиментирање на минералните честички. Оптималната работна температура е 170-180°C. Загревањето се врши со топол воздух, а не со директен пламен.

**ПАКУВАЊЕ**
Се пакува во лимени канти од 20 kg.







## БИКУТЕКС



| СЕ ПРОИЗВЕДУВА ПО | EN 14188-1 |
|---|---|
| **Точка на омекнување по ПК** | ≥ 115 °C |
| **Густина на 25°C** | ≥ 1,1 g/cm$^3$ |
| **Конусна пенетрација на 25°C** | 40-130 0,1mm |
| **Пенетрација и повратна еластичност** | ≥60 % |
| **Отпорност на течење, 5h/60°C, агол 70°** | ≤5 mm |

**ОПИС**
Хомогена смеса од полимер-модифициран битумен (SBS) и минерален полнител, излиена во ленти со одредена димензија.

CE

**НАМЕНА**
Се користи за попречни и подолжни спoеви на асфалтни слоеви, за исполнување на спoеви помеѓу бетон и асфалт (кај бетонски делови или елементи на мостови со асфалт) или други делови од коловозот, за исполнување на бетонски или асфалтни фуги и сл.

**НАЧИН НА ВГРАДУВАЊЕ**
Со заварување по топла постапка со заварување и натиснување на лентата на засекот кај асфалтни и бетонски спoеви.

**ПАКУВАЊЕ**
Се произведува во повеќе димензии во зависност од потребите на купувачот во ленти (ролни) од 6m.



## БИКУТЕКС С



| СЕ ПРОИЗВЕДУВА ПО | EN 14188-1 |
|---|---|
| **Точка на омекнување по ПК** | ≥ 95 °C |
| **Густина на 25°C** | ≥ 1,1 g/cm$^3$ |
| **Конусна пенетрација на 25°C** | 40-130 0,1mm |
| **Пенетрација и повратна еластичност** | ≥60 % |
| **Отпорност на течење, 5h/60°C, агол 70°** | ≤5 mm |

**ОПИС**
Хомогена смеса од полимер-модифициран битумен (SBS) и минерален полнител, излиена во ленти со одредена димензија.

CE

**НАМЕНА**
Се користи за попречни и подолжни спoеви на асфалтни слоеви, за исполнување на спoеви помеѓу бетон и асфалт (кај бетонски делови или елементи на мостови со асфалт) или други делови од коловозот, за исполнување на бетонски или асфалтни фуги и сл.

**НАЧИН НА ВГРАДУВАЊЕ**
Се вградува по ладна постапка со отстранување на силиконската заштитна фолија и со натиснување на лентата на засекот кај асфалтни и бетонски спoеви.

**ПАКУВАЊЕ**
Се произведува во повеќе димензии во зависност од потребите на купувачот во ленти (ролни) од 6m.





# ПОЛИМЕР - МОДИФИЦИРАНИ БИТУМЕНСКИ ЛЕНТИ ЗА **ХИДРОИЗОЛАЦИЈА НА МОСТОВИ**

Денешниот модерен процес на производство на полимер-модифицирани битуменски ленти се основа на мешавини од битумен,полимер и филер, кои се импрегнираат во влошка која ја армира битуменската лента. Во производството воглавно се користат два типа на полимер-битумени: SBS – битумен модифициран со еластомери и APP – битумен модифициран со пластомери. Во зависност од тоа со каков полимер се, лентите можат да бидат еластомерни (SBS) или пластомерни (APP), или комбинација еласто-пластомерни битуменски ленти. Како влошка за појачување се користи најчесто полиестерски филц или стаклена ткаенина. Битуменските ленти кои служат за хидроизолација на мостови се произведуваат според европски стандард EN 14695. Според EN стандардот БИМ а.д. произведува полимер-модифицирани битуменски ленти за хидроизолација на мостови под името БИКУТОП и БИМПЛАСТ МОСТ. БИКУТОП МОСТ е еластомерна, а БИМПЛАСТ МОСТ пластомерна битуменска лента. И двете се во варијанти со дебелина од 4 и 5 mm, и влошка од полиестерски филц или стаклена ткаенина.







со влошка од полиестерски филц



## БИКУТОП П 5mm МОСТ П 4mm МОСТ

| СЕ ПРОИЗВЕДУВА ПО | EN 14695 | EN 14695 |
|---|---|---|
| **Ролна** | ≥ 7.5 m² / 10 m² | ≥ 10 m² |
| **Дебелина** | ≥ 5.0 mm | 4.0 mm ± 0,2 |
| **Флексибилност на ниски температури** | ≤ - 20 °C | ≤ - 20 °C |
| **Отпорност на високи температури** | ≥ + 110 °C | ≥ + 110 °C |
| **Сила на кинење** (должина / ширина) | ≥ 800/800 (N/50 mm) | ≥ 800/800 (N/50 mm) |
| **Издолжување при кинење** (должина / ширина) | ≥ 40/40 % | ≥ 40/40 % |

### ОПИС
Еластомерна хидроизолациона лента за мостови, произведена од високо квалитетна битуменска маса, оплеменета со еластомери (SBS) и влошка од полиестерски филц. Од горната страна заштитена со ситен минерален посип, а од долната со полиетиленска фолија или друг погоден материјал.

CE

### НАМЕНА
За хидроизолација на мостови и други бетонски патни сегментни, како виадукти, надвозници и сл.

### НАЧИН НА ВГРАДУВАЊЕ
Со заварување по целата површина со преклоп на лентите од мин 10 cm.



со влошка од стаклена ткаенина



## БИКУТОП Т 4mm МОСТ

| СЕ ПРОИЗВЕДУВА ПО | EN 14695 |
|---|---|
| **Ролна** | ≥ 10 m² |
| **Дебелина** | 4.0 mm ± 0,2 |
| **Флексибилност на ниски температури** | ≤ - 20 °C |
| **Отпорност на високи температури** | ≥ + 110 °C |
| **Сила на кинење** (должина / ширина) | ≥ 800/800 (N/50 mm) |
| **Издолжување при кинење** (должина / ширина) | ≥ 4/4 % |

### ОПИС
Еластомерна хидроизолациона лента за мостови, произведена од високо квалитетна битуменска маса, оплеменета со еластомери (SBS) и влошка од стаклена ткаенина. Од горната страна заштитена со ситен минерален посип, а од долната со полиетиленска фолија или друг погоден материјал.

CE

### НАМЕНА
За хидроизолација на мостови и други бетонски патни сегментни, како виадукти, надвозници и сл.

### НАЧИН НА ВГРАДУВАЊЕ
Со заварување по целата површина со преклоп на лентите од мин 10 cm.



*  /МОСТ горна страна на лентата со ситен минерален посип.



# БИМПЛАСТ МОСТ
ПЛАСТОМЕРНИ БИТУМЕНСКИ ЛЕНТИ ЗА ХИДРОИЗОЛАЦИЈА НА МОСТОВИ

со влошка од полиестерски филц



## БИМПЛАСТ П 5mm МОСТ П 4mm МОСТ

| СЕ ПРОИЗВЕДУВА ПО | EN 14695 | EN 14695 |
|---|---|---|
| **Ролна** | ≥ 10 $m^2$ | ≥ 10 $m^2$ |
| **Дебелина** | ≥ 5.0 mm | 4.0 mm ± 0,2 |
| **Флексибилност на ниски температури** | ≤ - 10 °C | ≤ - 10 °C |
| **Отпорност на високи температури** | ≥ + 130 °C | ≥ + 130 °C |
| **Сила на кинење (должина / ширина)** | ≥ 800/800 (N/50 mm) | ≥ 800/800 (N/50 mm) |
| **Издолжување при кинење (должина / ширина)** | ≥ 40/40 % | ≥ 40/40 % |

### ОПИС
Пластомерна хидроизолациона лента за мостови, произведена од пластомерни полимери и битумен, со влошка од полиестерски филц. Од горната страна заштитена со ситен минерален посип, а од долната со полиетиленска фолија или друг погоден материјал.



CE

### НАМЕНА
За хидроизолација на мостови и други бетонски патни сегментни, како виадукти, надвозници и сл.

### НАЧИН НА ВГРАДУВАЊЕ
Со заварување по целата површина со преклоп на лентите од мин 10 cm.

со влошка од стаклена ткаенина



## БИМПЛАСТ Т 4mm МОСТ

| СЕ ПРОИЗВЕДУВА ПО | EN 14695 |
|---|---|
| **Ролна** | ≥ 10 $m^2$ |
| **Дебелина** | 4.0 mm ± 0,2 |
| **Флексибилност на ниски температури** | ≤ - 10 °C |
| **Отпорност на високи температури** | ≥ + 130 °C |
| **Сила на кинење (должина / ширина)** | ≥ 800/800 (N/50 mm) |
| **Издолжување при кинење (должина / ширина)** | ≥ 2/2 % |

### ОПИС
Пластомерна хидроизолациона лента за мостови, произведена од пластомерни полимери и битумен, со влошка од стаклена ткаенина. Од горната страна заштитена со ситен минерален посип, а од долната со полиетиленска фолија или друг погоден материјал.



CE

### НАМЕНА
За хидроизолација на мостови и други бетонски патни сегментни, како виадукти, надвозници и сл.

### НАЧИН НА ВГРАДУВАЊЕ
Со заварување по целата површина со преклоп на лентите од мин 10 cm.

*  /МОСТ горна страна на лентата со ситен минерален посип.









# БИТУМЕНСКИ ПРАЈМЕРИ И РАЗРЕДЕНИ БИТУМЕНИ ЗА ПАТИШТА

Битуменските прајмери и разредени битумени се во течна состојба и се составени од битумен и органски растворувачи, а некои се на база вода без растворувачи.
Се нанесуваат со мачкање со четка или ваљак, или со прскање по ладна постапка, а се користат најчесто како основни премази, прајмери за битуменска хидроизолација за секаква подлога (дрво,челик,бетон), како сврзувачки слој помеѓу асфалтни слоеви, како премази за заштита на бетонски и челични површини од влага (во патиштата за прајмери за хидроизолација на мостови, заштита на бетонски ѕидови и платна од објектите во патната конструкција и сл.)
БИМ а.д. произведува битуменски прајмери **БИТУЛИТ** и разреден битумен **РБ** според EN 15322.







## БИТУЛИТ



| СЕ ПРОИЗВЕДУВА ПО | Б1<br>EN 15322 | Е<br>EN 15322 |
|---|---|---|
| **Вискозитет: STV 4mm на 25°C; 50cm$^3$** | < 200 s<br>класа 2 | < 200 s<br>класа 2 |
| **Растворливост** | ≥ 99,0 %<br>класа 2 | ≥ 99,0 %<br>класа 2 |
| **Густина на 20 °C** | ≥ 0.90 g/ml | ≥ 0.90 g/ml |
| **Точка на палење по Кливленд** | ≥ 35 °C<br>класа 4 | ≥ 35 °C<br>класа 4 |

**ОПИС**
Основен премаз (прајмер) за битуменска хидроизолација на база на битумен и растворувачи.

CE

**НАМЕНА**
За премачкување на подлогота пред изведување на хидроизолација со битуменски ленти, пасти или маси. Служи за подобро пенетрирање во подлогата, нејзино обеспрашување и како врска помеѓу подлогата и хидроизолацијата.

**НАЧИН НА ВГРАДУВАЊЕ**
По ладна постапка, со премачкување со четка или со ваљак, или со прскање со специјални прскалки.

**ПОТРОШУВАЧКА**
За бетон 300-450 g/m2 , а за метал 200-250 g/m2.

**ПАКУВАЊЕ**
Се пакува во пластични канти од 4.5 и 9.0 kg и лимени буриња.

## БИТУЛИТ



| СЕ ПРОИЗВЕДУВА ПО | ЕКО<br>EN 15322 |
|---|---|
| **Вискозитет: STV 4mm на 25°C; 50cm$^3$** | <200 s<br>класа 2 |
| **Растворливост** | ≥99,0 %<br>класа 2 |
| **Густина на 20 °C** | ≥ 0.90 g/ml |
| **Точка на палење по Кливленд** | не е запалив |

**ОПИС**
Основен премаз (прајмер) за битуменска хидроизолација на база на вода кој не содржи органски растворувачи.

CE

**НАМЕНА**
За премачкување на подлогота пред изведување на хидроизолација со битуменски ленти, пасти или маси. Служи за подобро пенетрирање во подлогата, нејзино обеспрашување и како врска помеѓу подлогата и хидроизолацијата. Битулит ЕКО се карактеризира со брза сушивост.

**НАЧИН НА ВГРАДУВАЊЕ**
По ладна постапка, со премачкување со четка или со ваљак, или со прскање со специјални прскалки.

**ПОТРОШУВАЧКА**
За бетон 300-450 g/m2 , а за метал 200-250 g/m2.

**ПАКУВАЊЕ**
Се пакува во лимени канти од 20 kg.





## РБ

| СЕ ПРОИЗВЕДУВА ПО | 115/15<br>EN 15322 | 200<br>EN 15322 | 200 М<br>EN 15322 | 200 ПмБ<br>EN 15322 |
|---|---|---|---|---|
| **Вискозитет: STV 4mm на 25°С; 50cm³** | < 200 s класа 2 | < 200 s класа 2 | < 200 s класа 2 | < 200 s класа 2 |
| **Растворливост** | ≥ 99,0 % класа 2 | ≥ 99,0 % класа 2 | ≥ 99,0 % класа 2 | ≥ 99,0 % класа 2 |
| **Густина на 20 °С** | ≥ 0,90 g/ml | ≥ 0,90 g/ml | ≥ 0,90 g/ml | ≥ 0,90 g/ml |
| **Точка на палење по Кливленд** | ≥ 35 °С класа 4 | ≥ 35 °С класа 4 | ≥ 35 °С класа 4 | ≥ 35 °С класа 4 |

### ОПИС
**РБ-115/15** Индустриски битумен растворен во соодветен растворувач во вид на еднокомпонентна хомогена течност со црна боја.
**РБ-200; РБ-200 М** Битуменски премаз за битуменска хидроизолација на мостови, на база на битумен, растворувач и адитиви.
**РБ-200 ПмБ** Полимер битумен разреден во соодветен растворувач во вид на еднокомпонентна хомогена течност со црна боја.

### НАМЕНА
РБ-115/15 Се употребува како основен премаз за хидроизолација на челична или друг вид подлога каде што се бара голема атхезивност.
РБ-200; РБ-200 М Се употребува како сврзувачки слој помеѓу бетонска или стара асфалтна подлога и асфалтен слој. Се користи и како прајмер при хидроизолација на мостови со битуменски ленти и маси.
РБ-200 ПмБ Се употребува како основен премаз за хидроизолација на влажна подлога и како врска помеѓу асфалтни површини.

### НАЧИН НА ВГРАДУВАЊЕ
По ладна постапка, со премачкување со четка или со ваљак, или со прскање со специјални прскалки.

### ПОТРОШУВАЧКА
РБ-115/15 200-250 g/m2;
РБ-200; РБ-200 М 400-450 g/m2;
РБ-200 ПмБ 600-800 g/m2

### ПАКУВАЊЕ
Се пакува во лимени буриња и лимени канти од 20 kg.



## АСФАЛТОБИТ ЛМ
РАЗРЕДЕН ПОЛИМЕР БИТУМЕН ЗА ЛАДНА АСФАЛТНА МАСА ЗА КРПЕЊЕ УДАРНИ ДУПКИ ВО ЗИМСКИ УСЛОВИ



### АСФАЛТОБИТ ЛМ

| СЕ ПРОИЗВЕДУВА ПО | EN 15322 |
|---|---|
| **Вискозитет: STV 4mm на 25°С; 50cm³** | <200 s класа 2 |
| **Растворливост** | ≥99,0 % класа 2 |
| **Густина на 20 °С** | ≥ 0.90 g/ml |
| **Точка на палење по Кливленд** | ≥ 35 °С класа 4 |

### ОПИС
Полимер битумен растворен во соодветен растворувач, во вид на еднокомпонентна хомогена течност со црна боја. Оплеменет е со атхезивни промотори за битуменски врзива.

### НАМЕНА
Се применува за изработка на ладна асфалтна маса за крпење на ударни дупки на патишта во зимски услови.

### НАЧИН НА ВГРАДУВАЊЕ
По ладна постапка со претходно индиректно подгревање, со рачно или машинско мешање во принудна или гравитациона мешалка.

### ПОТРОШУВАЧКА
6 до 8 % во ладната асфалтна маса

### СКЛАДИРАЊЕ И ТРАНСПОРТ
Се складира и транспортира во лимени буриња.

ФАБРИКА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА
БИТУМЕНСКИ ИЗОЛАЦИОНИ МАТЕРИЈАЛИ

**БИМ а.д. Свети Николе**
"Железничка" 164; 2220 Свети Николе
+389 32 455 177; 455 377

**ПРЕТСТАВНИШТВО СКОПЈЕ**
"Максим Горки" 25, лок. 1, 1000 Скопје
+389 2 3227 908

bim@t.mk www.bim.com.mk Бим Ад Свети Николе @bimsvetinikole